ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 01-1431/3
11.08. 2020 год.
с.МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР“

село МАЛО КОЊАРИ

ООУ "Страшо Пинџур"
с.Мало Коњари
Прилеп

# ПРЕДЛОГ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

„СТРАШО ПИНЏУР“ село МАЛО КОЊАРИ

ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

ЈУЛИ, 2020 ГОДИНА

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

**ПРЕДЛОГ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ село МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП**

**ЗА УЧЕБНАТА 2019 /20 ГОДИНА**

Оваа учебна година отпочна со штрајк на просветните работници (на 2.09.2019), а заврши со учење од дома (online) заради пандемијата со корона вирус Covid 19, од 11 март до 10 јуни (крајот на училишната година за учениците).

Оваа учебна година во октомври (28, 29 и 30) имавме Интегрална евалуација.

Во текот на учебната **2019/2020** година ООУ „Страшо Пинџур“село Мало Коњари, својата дејност ја остваруваше според Годишната програма за работа на училиштето и програмските прилози од БРО, Законот за основно образование, Развојната програма на училиштето со наведените приоритети, врз база на извештаи и заклучоци, Статутот на училиштето и Уредби со законска важност за време на вонредната состојба.

**ООУ„Страшо Пинџур“**е лоцирано во село Мало Коњари, општина Прилеп и опфаќа ученици и од подрачните училишта во селата: Големо Коњари и Кадино Село, како и ученици од VI до IX одделение од село Славеј, кое припаѓа на општина Кривогаштани. Училишните згради се наменски градени и служат само за потребите на училиштето. Зградата во централното училиште е изградена 1954 година од цврст граден материјал со просторно нестандардни училници. Минатите години извршено е нејзино внатрешно реновирање и препокривање. Училишната зграда на подрачното училиште во село Големо Коњари е изградена 1924 година, а во Кадино Село датира од 1949 година. Двете згради се изградени од цврст граден материјал и во повеќе наврати се реновирани.

Во централното училиште има спортски терени со стандардни димензии за фудбал, кошарка и одбојка, како и големо заградено дворно место. Во склоп на истото имаме детско игралиште, со што им се збогатува рекреацијата на учениците за време на одморите и по завршувањето на часовите. Превозот за учениците е организиран и бесплатен. Влезот во училиштето го краси прекрасен парк од зеленило и цвеќиња кои секоја година се обновуваат. Во дворот на училиштето во соработка со родителите имаме избушено бунар со техничка вода, кој го користиме за наводнување на зеленилото. Исто така,

минатата учебна година имавме реновирања на ентериерот (нови столчиња за наставници и ученици, нови клупи, бироа, желузини), а во Централното училиште реновирана фасадата, настрешница над главниот влез во училиштето.

Дворните површини се оградени, како во централното така и во подрачните училишта. Останатата површина е тревната и погодна за некои спортски активности, додека другиот простор е засаден со дрвја и цвеќиња. Во Централното училиште поради дотраеност беа откорнати старите дрвја до училишната зграда, со што се обезбеди поголема светлина во училниците, а на нивно место се засадија нови зимзелени дрвја..

Оваа учебна година, како и претходните, беа превземени планираните активности за подобрување на условите за работа во училиштето: се извршија внатрешни и надворешни санации на училишните згради, чистење на сите простории. Континуирано се одржуваат компјутерите во училиштето.

Со донација од МОН - со проектот „Компјутер за секој ученик“ училиштето располага со компјутери за сите ученици. МОН и оваа учебна година обезбеди учебници за сите ученици од I до IX одделение.
Опременоста на училиштето со наставни средства и технички помагала е на задоволително ниво (имаме една СМАРТ табла), но тоа не значи дека во училиштето не се чувствува потреба и во иднина дополнително да се вложува на ова поле.

Наставата и другите активности од работата на целото училиште се одвиваа во 17 училници (9 се во одделенска настава, а 8 во предметна настава, кои се прилагодени како кабинети за соодветни предмети), 1 фискултурна сала и 5 канцеларии.

Во централното училиште наставата се изведуваше во една и пол смена во зградата во село Мало Коњари. Во прва смена се учениците од I, VI, VII, VIII и IX одделение, а во попладневната смена беа две комбинирани паралелки во одделенска настава :II –V и III-IV одделение.

Во Централното училиште во село Мало Коњари беа запишани 111 ученици, 29 во одделенска и 82 во предметна настава, во четврто одделение при крајот на прво полугодие дојде нова ученичка, а на крајот од учебната година се отпиша една ученичка од второ одделение.

Подрачното училиште во село Големо Коњари е целосно реновирано. Наставата се изведува во една смена во 4 паралелки: една е комбинирана паралелка од II и V одделение и три чисти паралелки во I, III, и IVодделение. Во училиштето во село Големо Коњари учеа 29 ученици.

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

Во подрачното училиште во Кадино Село од оваа учебна година работеа две комбинирани паралелки: I-V и II-IV одделение, со вкупно запишани 12 ученици.

Наставата целосно се изведуваше на македонски јазик.

**Опфатеноста** на учениците од I до IX одделение, бројот на ученици, нивната распределеност по паралелки и редовноста е прикажан во табелите број 1, 2 и 3 од статистичкиот дел на извештајот, а нивниот успех во табеларниот извештај.

Од статистичкиот и табеларниот преглед се гледа дека од I до V одделение беа запишани 66 ученици (30 машки и 36 женски) распоредени во 9 паралелки (4 чисти и 5 комбинирани). Во предметна настава беа запишани 82 ученици (47 машки, 35 женски) во 8 чисти паралелки.

На почетокот од учебната година од I до IX одделение беа запишани 148 ученици (77м, 71ж),

**Воспитно - образовната работа** и останатата дејност на училиштето ја реализираа 25 наставници од нашето училиште, директор, стручен соработник - психолог, еден административен работник секретар и 4 помошни работници, како и педагог кој дополнува од друго училиште. Сите вработени се со соодветно образование. Заради недоволен фонд на часови 4 наши наставници дополнуваат во други училишта, а 9 наставници дополнуваа во нашето училиште.

Приоритетните задачи што ги поставивме за оваа учебна година ги реализиравме во голема мера:

1.Унапредување на професионалниот развој и стекнување на нови компетенции-на сите нивоа.
2.Користење современи приоди (форми, методи и техники) во наставата за учење и поучување на учениците. Имавме оптимално користење на современите наставни средства како: ЛЦД проекторот, компјутерите, смарт таблата...
3.Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето.
4.Промовирање на училиштето на регионално ниво,
5.Развивање на стратешкото партнерство меѓу учениците, наставниците и родителите.

**РЕАЛИЗИРАНА ONLINE НАСТАВА**

Пандемијата со корона вирусот Covid 19 не примора да бараме начини за online комуницирање со учениците, родителите, а и меѓусебно договарање и состаноци на вработените. Така се одржа наставнички совет преку вибер, потоа со помош на zoom алатката се одржаа одделенски и наставнички совети. Секој одделенски раководител и раководителите на паралелките комуницираа

со учениците и родителите преку своја facebook група, Messenger, e-mail - со помош на комјутери, таблети, смарт телефони..

Наставниците, директорката, училишниот психолог своите материјали ги поставуваа на училишната група од нашето училиште „Учиме и споделуваме знаење од прво до деветто одделение“.

**Во одделенска настава наставата се одвиваше со следење на ТВ Училница на МРТ1 ,** задавање задолженија за цела седмица, посочување на активности за тековниот ден по распоред. Имаше часови од **Eduino платформата,** resursi.literatura.mk, youtube, powerpoint презентации од наставниците. Како начини на реализација беа користени: писмена комуникација на мрежите кои се користат и повратна информација како фотографија од сработената активност, усна комуникација, тестови и работни материјали, учебници, работни листови во PDF, квизови, презентации од наставникот, повратни информации по зададените домашни работи, фотографии од завршени активности.

**Во предметна настава наставата се одвиваше со следење на ТВ Училница на МРТ1,** потоа со помош на **facebook, Messenger,** Youtube, Google.drive, e-mail, позајмени видеа од Eduino преку Youtube, Google Classroom, Viber, Chemical experinet, Самостојни изработени часови и поставени преку eduino, **Ego4U,** MS Teams, **http://www.eucebnici.mon.gov.mk/osnovno,** Линкови: Francais facile.fr.fle, Lingolia francais.fle, Grammmairexercices.fr.fle..

Начин на реализација: писмена комуникација преку Messenger и e-mail, повратна информација за сработеното преку фотографија или word документ од сработената активност, усна комуникација, задавање задачи за домашна работа, самостојно фотографирање, клипови, презентација по **facebook**, видеа, користење на учебник. Учениците своите докази (фотографии) ги постираат како коментари во групата од училиштето или во приватна порака кај секој наставник, следење часови од е-училница и многу други.

Директорката и училишниот психолог поставија „Искрена страница“ за споделување искуства на начини за покорисно и поинтересно седење дома – приморани заради вонредната состојба. Наставниците редовно по меил доставуваа седмични планирања и извештаи до училишниот психолог, кој ги сместуваше во посебни електронски папки за секој вработен. Се одбележаа значајни дати, советувања - за ученици и родители и разни известувања..

**РЕАЛИЗИРАНОСТА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ СКОРО Е ВО ЦЕЛОСТ:**

1. **Акционен план за следење, вреднување и унапредување на воспитно - образовната работа опфаќаше:**

Планирањето, програмирањето и подготовката на сите нивоа беше ефективно. Континуирано следење, проверување и оценување на успехот на учениците и наставниците, како и континуирано стручно усовршување на раководниот, воспитно-образовениот и стручниот кадар. Педагошката евиденција и документација се води редовно. Според програмата наставниците користат компјутер во наставата.

Периодично се изработуваа извештаи и анализи за успехот од учениците: по прво тромесечие, по прво полугодие, по трето тромесечие и на крајот од учебната година, со што родителите беа постојано известувани. Оваа учебна година тимски ја изготвивме „Развојната програма на училиштето за периодот 2020/2024 година“.

2. **Акционен план за здравствено воспитание**

Според програмата за **здравствена заштита** на учениците, во соработка со Медицински центар, учениците од I, III, V и VII одделение беа систематски прегледани, вклучувајќи и стоматолошки систематски прегледи. Првачињата при уписот носеа потврди за нивната вакцинација според календарот за имунизација и потврда од стоматолошки преглед. Со свои предавања се вклучи и училишниот психолог за превенција од заразни заболувања, како и болестите на зависност од пушење тутун, алкохолизам, дроги.

**Програмата за заштита од заразни болести** ја реализиравме покрај на редовните часови од некои предмети (биологија, одделенските часови...), преку превентивни реферати и плакати за заштита од заразни заболувања.

Покрај поттикнувањето за континуирано одржување на личната хигиена и превенција од заразни заболувања, учениците беа поттикнувани на култура за здрава храна на редовните и одделенските часови и при online наставата.

Дел од овие содржини се реализираат на одделенските часови, некои во склоп на работилниците од „Образование за животни вештини“, како и изработки од учениците.

3. **Акционен план за производна и друга општествено корисна работа во училиштето**

Во рамките на **производствената и другата општествено** корисна работа, беа организирани: работни еко-акции - со чистење на училиштето и училишните дворови.

Заради пандемијата не се одржа традиционалниот Велигденски панаѓур.

4. **Акционен план за Професионална ориентација и советување на младите**

Изработена е Програма за Професионална ориентација од страна на училишниот психолог.

Спроведена е online анкета за професионалните интереси на учениците од IX одделение од страна на училишниот психолог и реферат за професионалните интереси и им беше пратен флаер со напатствија за професионален избор на учениците. Електронски беа известени за „Конкурсот за упис во средните општински училишта“, а исто така од раководителите на деветто одддeление, директорот, психологот електронски им беа пратени презентации од сите прилепски СОУ-та и од други средни училишта од РСМ кои ни доставија презентации.

Водени се индивидуални и фронтални разговори со учениците по повод „Конкурсот за упис во средните училишта“ и критериумите за упис во средните училишта.

Сите општински средни училишта од Прилеп, извршија презентација на своите училишта пред нашите ученици од IX одделение преку електронски презентации, а изостана нашите ученици да посетат некои од средните општински училишта во Прилеп и Крушево, како што беше традиција.

**Акционен план за одбележување на празници и настани**

Преку читање на реферати, лични творби од другарчиња од други училишта, пригодни приредби, еколошки акции, плакати и други активности одбележани се следните празници и настани:

- Денот на независноста на Република Македонија - 8ми Септември,
- Ден на учителот - 5ти Октомври,
- Прием на првачињата во Детската организација, по повод Светскиот ден на детето и Детската недела, културно уметничка приредба,
- 11 Октомври - Ден на востанието на Република Македонија,
- 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба,
- 1 Декември – Ден за борба против сидата,
- 8 Декември - Ден на Свети Климент Охридски,
- Денот на нашето училиште 5-ти Март не се одбележа со пригодна програма поради состојбата со Корона вирусот, но пред тоа се реализираа традиционалните литературни и спортските активности.

  Не се одржа Меѓународниот карневал во Прилеп, по повод празникот Прочка, на кој традиционално учествувавме.
- Пригодно online беше одбележан Светски ден на мајчиниот јазик,

како и:1 Мај- Денот на трудот, 4 Мај – посветен на загинувањето на револуционерот Гоце Делчев, 9 Мај – Денот на победата над фашизмот, 24 Мај - Ден на словенските просветители Светите Кирил и Методиј.

(Одбележувањето на еко- деновите се во делот на еко-активностите)

## 5. Акционен план за реализација на МИМО активностите

Оваа учебна година не го реализиравме во целост акциониот план за заедничка МИО соработка со партнер училиштето „Никола Карев“ од Крушево, односно со подрачните училишта од селата Норово и Саждево, заради надворешни причини, меѓудругото и заради вонредната состојба.

Училишниот „Тим за МИО“ за Годишната програма на училиштето изработи глобален план (во мисијата и визијата имаме вметнати МИО – содржини). Потоа врз основа на добиена Стратегија за МИМО активности изработивме и МИМО- акционен план.

Заедничка мултикултурна активност имавме во село Небрегово, во родната куќа на великанот Блаже Конески, со училиштето „Кирил и Методиј“ од село Канатларци, од каде ученици од деветто одделение заедно со наставничката по граѓанско образование и наши ученици со наставничките по македонски јазик одржаа заеднички час на тема „Кодификација на македонскиот литературен јазик“, како и со читање поезија од великанот.

За претстојните активности беа известени родителите на родителски средби (и online) и на Совет на родители. Со овие активности беа запознати и учениците.Во училиштето имавме демократски избор на Ученичка заедница во паралелките и на ниво на училиште.

Беа одржани многу редовни часови со самостојни мултикултурни активности, посебно на одделенските часови, според прирачникот од ОЖВ. Бидејќи немавме можност за одбележување на Денот на училиштето не остваривме соработка со учениците на партнер училиштето. Се надеваме дека идната учебна година ќе оствариме поголема заедничка соработка со партнер училиштето.

**Видови настава**

Наставата се организираше и изведуваше според програми за задолжителни и изборни наставни предмети што се изучуваат според Наставниот план за основното образование.

**Во изборна настава** беа следните предмети: Творештво во петто одделение - во Централното училиште, Запознавање на религиите во VI

одделение, Техничко образование во VII , во VIII Вештини за живеење, а во IX одделение Проекти од информатика.

**Дополнителна настава** се изведуваше редовно скоро по сите предмети и одделенија според месечни договори на наставниците и нивни планови (посебно до вонредната состојба). Во одделенска настава дополнителна се изведуваше од второ до петто одделение, најчесто по математика и по македонски јазик. Во предметна настава не се реализираше само по ликовно образование, етика, запознавање на религиите и по ФЗО.

**Додатна настава** оваа учебна година во одделенска настава реализираа седум наставници, додека во предметна настава се реализираше по следните предмети:англиски јазик, природни науки, македонски јазик, информатика, математика, хемија и француски јазик.

Оваа учебна година се посвети внимание на корупција-антикорупција во часовите по Граѓанско образование и на одделенските часови.

**Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби**

Оваа учебна година имавме два ученика со ПОП и со нив се работеше по индивидуална образовна програма. Имавме и три ученици со потешкотии во учењето.За време на online наставата се работеше и со овие деца. Во работата со овие ученици беа вклучени и стручните соработници од училиштето, посебно до вонредната состојба.

**Слободните ученички активности** во одделенска настава реализираа пет наставници:во Централното училиште и село Кадино Село (млади уметници-ликовно и музичко образование, македонски јазик).

Додека во предметна настава беа следните СУА-ти: француска секција, природни науки, англиска, спортска секција, математичка, историска и литературно-новинарска.

**Реализација на еколошката програма**

Можеме да констатираме дека оваа учебна година речиси во потполност се реализирани планираните еко - содржини

- Според „еко – чекорите“ : беше докомплетиран еко – одборот, формирани еко – патролите, изготвен Планот за еко – активности, Изготвување на паноа – огласни табли за еко активностите (во централното и подрачните училишта), поставен Еко – кодекс во Централното училиште.

Наставниците работеа според нивните годишни планирања и скоро во потполност ги реализираа, посебно до вонредната состојба.

Беа пригодно, според условите, одбележани значајни еко – денови, реферат, пишување еко – проза и поезија. Пригодно беа одбележани: „16 Октомври-Денот на здрава храна“, при што во учениците од одделенска настава го одбележаа со изработка на хамер и работилница за готвење здрава храна. Додека: „21 Март-Денот на екологијата“, 22 Април „Денот на планетата Земја“, беа online одбележани со пригодни текстови од училишниот психолог и предавања од наставниците, како и со еко-активности во нашите подрачни училишта до пандемијата.

Во текот на учебната година имавме многу изработени цртежи, плакати–постери, графити, стикери со опомена за фрлање на отпадокот во корпите. за штедење на водата и електричната енергија, еко-поезија, како и изработки од отпаден материјал (пластични кеси и хартија).

Од наведените причини оваа учебна година не го изработивме училишниот весник „Виножито“, а многуте фотографии во училишниот „електронски албум“ ќе не потсетуваат на пријатните моменти при реализирањето на еко – содржините (дома и во училиште).

Нереализираните еко активности со партнер училиштето, ажурирањето на еко патролите, поголема еко - соработка со локалната средина ќе останат задачи за наредната учебна година.

## ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Оперативната Годишна програма за работа во делот за воннаставните активности се состоеше уште од :

-Ученички екскурзии.

-Ученички натпревари,

Но, заради пандемијата со корона вирусот беше изведен само излетот со сите ученици од забавно - рекреативен карактер, до спортскиот аеродром во село Големо Коњари, додека повеќедневите планирани екскурзии не се реализираа заради корона вирусот.

### Училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари

Учениците од нашето училиште кои до минатата учебна година учествуваа на разни училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари (и меѓународниот карневал во Прилеп по повод Прочка), оваа учебна година немаа можност, бидејќи не се организираа откако се прогласи вонредната состојба заради корона вирусот.

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

Се реализираа следните активности:

- Спортски активности во нашето училиште во соработка со Тутунски комбинат од Прилеп на тема „Елиминација на детскиот труд“.
- Учество на меѓународен натпревар по информатика во ноември „Дабар“, за ученици од второ до деветто одделение.
- Трета награда за учениците од деветто одделение за учество на конкурсот од општина Кривогаштани и некои тутунски компании и невладината организација МЦМС.
- Училишни натпревари по македонски јазик, англиски јазик во деветто одделение.
- Учество на литературно читање во ООУ-та „Климент Охридски“ и „Блаже Конески“ во Прилеп, на два ученици од осмо одделение.
- На општински и регионален натпревар по математика учествуваа ученици од шесто и седмо одделение, како и ученици од IV, V одделение од ЦОУ-те
- На општински натпревар (во Прилеп), по природни науки од петто одделение учествуваа неколку ученици,
- Општинска Трка на 5 км „Сите на велосипед“ каде учествуваа и наши ученици, во конкуренција на ученици од основните и средните училишта.
- Учество на повеќе општински натпревари во мал фудбал со машка (ученици од осмо и деветто одделение) и женска екипа со ученици од шесто до деветто одделение.

**Соработка со локалната средина** се одвиваше преку: организирање на свечена приредба во училиштето пред Денот на училиштето, литературно читање по овој повод на кое зедоа учество и ученици од други основни училишта, како спортски активности со ученици-гости од други училишта, но заради пандемијата не го реализиравме Денот на училиштето. Добивме новогодишни пакети - донација со училишен прибор, играчки и сл. од невладината организација АДРА „Од деца за деца“ - за учениците од прво до шесто одделение.

Оваа учебна година, преку соработка со родителите, реализиравме дел од програмата **„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците “.** Пред се, родителите беа благовремено известувани за нашите претстојни активности и како директни или посредни учесници во истите. Заради учењето од далечина, не ги реализиравме сите планирани активности, но непланирано соработката се зголеми заради учеството, помошта, на родителите во извршување на домашните задачи на нивните деца при online наставата.

До вонредната ситуација беа реализирани следните заеднички содржини со родителите: во Централното училиште во село Мало Коњари, во одделенска настава, како и во подрачните училишта:

- работилници со мајките од учениците од одделенска настава, кога заедно со нивните деца изработуваа новогодишни украси, како и осмомартовски честитки.

(Мора да напомениме, нашето училиште е во специфична средина, каде населението претежно се занимава со земјоделие и сточарство па нема многу слободно време, сепак online наставата ја зголеми соработката со родителите, а наредната учебна година ќе настојуваме и понатаму да ја зголемуваме оваа соработка).

Соработката со родителите, покрај наведеното, се состоеше и од директни индивидуални контакти со училиштето - наставници, директор и стручни соработници и на ниво на родителски средби. Беа одржани: две општи родителски средби, 4 посебни родителски средби на ниво на одделенија. Едната општа родителска средба и 2 од посебните, беа online реализирани на кои на родителите им се соопштуваше успехот од учениците и договор за претстојни активности и индивидуални средби со родители чии деца имаат слаби оцени, се нередовни или недисциплинирани ученици. Преку училишната група „Учиме и споделуваме знаење..“ свои извештаи за успехот на учениците, одбележувања на значајни дати и реферати за родителите и учениците поставуваше и училишниот психолог.

На првата родителска средба на родителите им беше поделена брошурата за работата на училиштето и постигањата на учениците.

Пет родители, чии деца од седмо, осмо и деветто одделение имаа намален успех во учењето (по три и повеќе слаби оцени и една ученичка и за несоодветно однесување во училиште), присуствуваа на „Групното советување на родители“, организирано од училишниот психолог.При тоа, покрај взаемно информативниот разговор психологот им ја посочи целта од ваквото советување, во кои се случаеви се повикуваат родителите, законската обврска, програмата предвидена за прва и втора средба...

Од **ученичките организации** функционираа: Ученичките заедници и Детската организација.

УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ- од оваа учебна година, според Законот за основно образование, на демократски начин беа избрани две ученички од деветто одделение-претставници на Ученички парламент, кои ќе учествуваат при работата на Училишниот одбор, Совет на родители и Наставнички совет без право на гласање и со мандат од една година. Исто така, беше избран еден ученик за ученички правобранител, со функција да се грижи за правата на соучениците.

**Ученичките заедници** функционираа на ниво на паралелки и на ниво на училиште, а своите активности ги реализираа според своите програми за

работа, координирана од одделенските раководители, директорот и повремено од училишниот психолог-пред пандемијата.

**Детската организација** работеше според својата програма и беа реализирани следните содржини: прво беше извршен избор на претседателство, потоа преку културно - уметничка програма беше извршен прием на првачињата во Детската организација и одбележана Детската недела; Учество во припремите и реализацијата на културно – уметничка програма по повод Денот на училиштето-кој не се одржа.

- Редовно беа одржувани состаноци на Одделенскиот совет, Наставничкиот совет, состаноци на Совет на родители и состаноци на Училишниот одбор.

**Усовршувањето** на наставниците, директорот и стручните соработници беше во знак на корона вирусот, претежно електронски.

Пред објавување на вонредната состојба на семинар беа наставничките по биологија и природни науки, потоа на вебинар учествуваше наставникот по информатика. Училишниот психолог и тројца наставници учествуваа на завршен настан во локалната самоуправа во Прилеп, и на промоција на „Водич-како да комуницираме со лицата со инвалидитет“ од страна на дефектолог и наставник од ООУ„Климент Охридски“ од Прилеп.На семинар за стручна обука со новите програми учествуваше наставничката по музичко образование. Училишниот психолог реализира дисеминација за сите наставници со помош на ЛЦД, „Изработка на ИОП-од психолошки аспект. Наставничка по англиски јазик учествуваше на обука организирана од здружението на наставници ЕЛТАМ. Една наставничка од одделенска настава учествуваше во Крушево на семинар од „Еразмус“ за инклузивно образование.

За време на вонредната online настава на електронска обука од СЕМОС беа два наставника, претставници на училиштето - по информатика и ФЗО. Скоро сите наставници го проследија online курсот за инклузивно образование. Исто така училишниот психолог проследи и online обука за активирање на учениците на демократија, организирана од БРО, при што психологот изврши и дисеминација за сите наставници. Имаше online обука и за наставничката по француски јазик. Една наставничка од одделенска настава учествуваше на обука од БРО за примена на наученото во рамките на проектот„Оценување за учење-поставување и примена“.

Своето усовршување наставниците и директорот го постигнуваат и преку следење новитети од интернет, присуство на вебинари и други електронски обуки. Потоа, усовршување прекучитање на стручна литература и списанија, како и соработка со колеги од други училишта, а и преку соработка со БРО и МОН.

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

**Директорката** на училиштето се раководеше од сопствената програма за работа, Годишната програма за работа на училиштето и други активности кои произлегуваа од целокупниот живот и работа на училиштето.

Конкретно, директорката ги реализираше следните активности:

- Го подготвуваше дневниот ред за наставничкиот и одделенскиот совет(во соработка со стручните соработници) и ги водеше состаноците;
- Редовно вршеше посета на наставни часови за следење на наставниот процес, како во однос на планирањата така и во однос на воведувњето на иновации во наставата, осовременувањето на наставниот процес и спроведувањето на програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Во соработка со стручните соработници вршеше увид на педагошката документација ;
- Учествуваше со свои дискусии на наставнички и одделенски совет, родителски средби, Совет на родители, на состаноците од Училишниот одбор;
- Континуирано научно се надградуваше преку учество на семинари, обуки и разни стручни средби и конференции (и електронски), континуирано следење стручна литература...
- Ја координираше целокупната работа во училиштето, посебно организациската;
- Раководеше со реновирањето и модернизацијата на училиштето;
- Учествуваше во одржувањето на компјутерите во училиштето;
- Соработуваше со Државните просветни инспектори од МОН, Советникот за образование и овластен просветен инспектор од Локалната самоуправа, со БРО и со колеги и директори од други училишта, разни стручњаци за подобрување на работата на училиштето и други институции и лица.
- Исто така, учествуваше во разрешување на конфликтни ситуации со родители и ученици, како и во професионанота ориентација на учениците од деветто одделение.
- За време на вонредната состојба заради корона вирусот изготви електронска група „Учиме и споделуваме знаење од I до IX одделение“ каде таа, наставниците и училишниот психолог праќаа работни материјали до учениците и родителите и заедно со училишниот психолог изготвија електронска страница „Искрена страница“.
- Учествуваше во спроведување на тендери за потребите на училиштето.

**Училишниот психолог** својата работа ја извршуваше како вработена во ова училиште три пати седмично, а дополнуваше два дена во училиштето „Јонче Смугрески“ во село Обршани.

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

Својата годишна програма ја реализира преку соработка со: директорката, педагогот, наставниците, учениците, родителите, помошниот персонал, колеги и институции надвор од училиштето.

Во својата активност користеше повеќе методи на работа: разни психолошки тестирања и ретестирања, информативни, советодавни и инструктивни разговори со ученици и родители, изработка на теоретски стручни материјали за ученици, наставници и родители (и online за време на вонредната состојба заради корона вирусот), реализира социометриска постапка во едно одделение.Реализираше предавања пред ученици, наставници, родители. Учествуваше во изработка на Годишната програма на училиштето.Го изработи Годишниот извештај на училиштето (табеларен, статистички, теоретски). Учествуваше и во уписот на првоолеленците.Водеше педагошко досие за наставниците и го комплетираше нивното индивидуално портфолио, како и електронски ажурираните педагошки картони. Дури иза време на вонредната состојба водеше електронски папки за наставниците –за нивните н седмични планирања и извештаи. Одеше во посета на часови кај наставниците,но и ги заменуваше доколку интервентно изостануваат.Изработуваше разни списоци и статистички извештаи, како и одговарање на разни електронски прашалници. Учествуваше во изработката на „Брошурата од училиштето“. Како мотиватор на еко – активностите, а делумно како учесници при нивната реализација.Исто така, истражуваше и ги обучуваше учениците од осмо одделение на тема: „Превенција од насилство во училиште“, истото и за претседателите на паралелките од VI до IXодделение. Исто така, online со прашалник и реферат за професионалните интереси, како и известување за Конкурсот за упис во средните општински училишта. Психологот својата работа ја прошири и како координатор на Тимот за учебниците за учениците.Реализира три дисеминацииза наставниците:-за Меѓуетничка интеграција на младите (МИМО)-за новите насатвници. Потоа дисеминација на сите наставници за „Изработка на ИОП-од психолошки аспект“ и дисеминација за сите „Активности за поттикнување демократска клима во училиштата“ според електронската обука на БРО-ПЕ Прилеп и МЦГО.

Реализираше индивидуални средби со родителитеи на Совет на родители, како и во „Групното Советување на родители“ чии ученици оваа учебна година имаа по три и повеќе слаби оцени.Учествуваше во реализирање на т.н. образовен додаток за учениците во склоп на Министерството за труд и социјална политика.

Усовршувањето на психологот се одвиваше преку следење на стручна литература, а го надополнува со учество на стручни средби, семинари, вебинари и други електронски обуки.Заедно со директорката на училиштето поставија електронска страница „Искрена страница“ на училишниот facebook, за време на наставата од далечина.

**Училишниот педагог** во нашето училиште дополнува два дена седмично, од ООУ„Јонче Смугрески“ од село Обршани. Во текот на учебната година, согласно со својата годишна програма, ги реализира предвидените содржини и активностите по подрачја. Во реализацијата на својата програма соработуваше со директорот, психологот, наставниците, учениците, родителите и со колеги и институции надвор од училиштето.

За реализација на својата програма ги користеше следните методи: советодавна работа со ученици, наставници и родители, предавања пред наставници, замена на наставници кога тие се спречени да дојдат во училиште, посета на часови кај наставниците, инструктивна работа со учениците.

Педагогот континуирано се надградува преку учество на семинари и обуки и преку следење на стручна литература.

**ОЦЕНУВАЊЕ**

При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со сознанијата стекнати на обуките во рамките на Проектот за основно образование – компонента за Унапредување на оценувањето на учениците.

Оценувањето се изведува формативно и сумативно при што се применува Етичкиот кодекс за оценување. Карактеристично за оваа учебна година оценувањето на учениците беше и online, заради вонредната состојба со корона вирусот.

Минатата 2018/19 учебна година од прво до деветто одделение на крајот од прво тромесечиеуспехот на учениците изнесуваше 3,62, по првополугодие изнесуваше 3,84 , после трето тромесечие од седмо до деветто одделение 3, 63 и на крајот од учебната година 4,01.

Оваа учебна 2019/20 година средниот успех на учениците од прво до деветто одделение на крајот од прво тромесечиеизнесуваше 3,46. По прво полугодие изнесуваше 3,58. После трето тромесечие средниот успех од седмо до деветто одделение изнесуваше 3,51.На крајот одучебната година успехот изнесува4,10.Очигледно е дека успехот на учениците за малку е послаб од претходната учебна година(на тромесечијата и прво полугодие, а речиси идентичен на крајот од учебната година).

Исто така, на крајот од минатата 2018/19 учебна година, средниот успех од прво до петто одделение изнесуваше 4,14, а од шесто до деветто 3,87.Додека, оваа учебна година средниот успех на учениците на крајот од

учебната година од прво до петто одделение изнесува 4,34, а од шесто до деветто 3,85.

Највисок среден успех на крајот од минатата учебна година беше постигнат во Vодделение и изнесува 4,25, додека оваа учебна година највисок е во IV, каде изнесува 4,52. Минатата учебна година најнизок среден успех беше постигнат во VI одделение и изнесуваше 3,55, а оваа во VII со успех од 3,63 (всушност тоа се истите ученици).

Учениците од I, II и III одделение се оценуваат описно.

Што се однесува до **изостаноците на учениците,**на крајот од учебната минатата 2018/19 учебна година се направени вкупно **2894** (2828 оправдани и 66 неоправдани изостаноци).

Додека оваа учебна година на крајот беа направени **2162 изостаноци** (2128 оправдани и 34 неоправдани). Очигледна е разликата - оваа учебна година се помалку, но треба да се земе предвид што оваа учебна година за време на вонредната состојба заради корона вирусот наставата се одвиваше од дома. Немавме континуирно отсуствување на учениците.

ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари

# З А К Л У Ч О К

Целта на Годишната програма што ја поставивме за оваа учебна година е успешно реализирана, а секако секогаш може и повеќе и подобро.Карактеристично за оваа учебна година беше електронското изведување на наставата заради пандемијата со корона вирусот Covid 19.

Затоа немаше учество на натпревари за учениците (за време на вонредната состојба), но учениците, родителите, наставниците, стручните соработници го усовршија електронското комуницирање, кое треба уште повеќе да се зголеми.

Инаку, ефикасно се применуваат стандардите за оценување и критериумите за оценување по сите предмети.

Се подобрија материјално - техничките услови за работа во училиштето, како и училишната клима и култура.

Заинтересираноста и посетеноста на семинари, обуки и советувања од страна на директорот, наставниците и стручната служба е голем, сега дополнет и со електронски обуки.

Меѓуетничка интеграција на младите (МИМО) и активностите за поттикнување демократска клима во училиштата ќе ни бидат едни од приоритетите за наредната учебна година.

Подобрувањето на материјално техничките услови во училиштето и училишната култура, како задача ќе бидат и за наредната учебна година, како и користење современи приоди(форми, методи и техники) во наставата за учење и поучување на учениците, посебно за учење од далечина.Ќе продолжиме со промовирањето на училиштето на регионално, државно и меѓународно ниво.

Нашите активности и континуитетот во работата ќе бидат во склад со реформите на образованието и спроведувањето на законските прописи и норми при работењето на училиштето.

**Дел.бр.01-143/3**

**11.08. 2020 година**

**село Мало Коњари**

**Директор:**

**Ирена Кироска**

Република Северна Македонија · СТРАШО ПИНЏУР · с. Мало Коњари, Долнени · Општинско основно училиште

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „Страшо Пинџур", село Мало Коњари**
Општина: Прилеп
Телефон / факс : 048 / 483 - 418
E-mail: pindzurstraso@yahoo.com
Подрачна единица на БРО - Прилеп

**СТАТИСТИЧКИ**

**Извештај на крајот од учебната 2019/20 година**

Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик

ПРЕГЛЕД

На вкупниот број завршени ученици во I одделение на крајот од
од учебната 2019/20 година

| Ред. Бр. | Наставен јазик | Вкупно опфатени ученици | Паралелки | Наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски | 14 | 3 | 3 |
| 2. | Албански | | | |
| 3. | Турски | | | |
| 4. | Српски | | | |

Лице за контакт: Директор:

Република Северна Македонија · СТРАШО ПИНЏУР · с.Мало Коњари, Прилеп · Општинско основно училиште

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „Страшо Пинџур” Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На вкупниот број завршени ученици, паралелки* ***(чисти) на крајот*** *од учебната 2019/20 година*

*Со настава на македонски наставен јазик*

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I – V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI - IX | | I - IX | |
| | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч |
| Централни I - IX | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 | 23 | 2 | 17 | 2 | 21 | 2 | 21 | 8 | 82 | 9 | 87 |
| Подрачно ГК: I - V | 1 | 7 | 0 | 0 | 1 | 7 | 1 | 6 | 0 | 0 | 3 | 20 | | | | | | | | | | | 3 | 20 |
| Подрачно КС: I - V | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | | | | | | | | | | | 0 | 2 |
| Вкупно | 2 | 14 | 0 | 0 | 1 | 7 | 1 | 6 | 0 | 0 | 4 | 27 | 2 | 23 | 2 | 17 | 2 | 21 | 2 | 21 | 8 | 82 | 12 | 109 |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На вкупниот број ученици во **комбинирани** паралелки на крајот од учебната 2019/20 година - Со настава на македонски јазик*

| **Училишта во:** | **II , V** | | | **III, IV** | | | **I, II** | | | **III, V** | | | **Вкупно** | | **Вкупно VI, VII VIII, IX** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **II** | **V** | **П** | **III** | **IV** | **П** | **I** | **II** | **П** | **III** | **V** | **П** | **I до V ученици** | **П** | **Ученици** | **П** |
| Мало Коњари I - IX | 8 | 6 | 1 | 5 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 2 | 0 | 0 |
| Големо Коњари I-V | 4 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 1 | 0 | 0 |
| Кадино Село I-V | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 8 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 12 | 11 | 2 | 5 | 6 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 42 | 5 | 0 | 0 |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На наставниот кадар на крајот од учебната 2019/20 година*

| Наставен кадар по наст.јазик | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф. образ. | **се** | проф | наст | учит | неоф. образ. | **се** | |
| Македонски | 7 | 2 | | | **9** | 13 | 3 | | | **16** | **25** |
| Албански | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **7** | **2** | | | **9** | **13** | **3** | | | **16** | **25** |

*ПРЕГЛЕД*

*На раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2019/20 година*

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, пом.и зам. директор, педагог,психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | | 24 години | 2 години, 8 месеци |
| Зам.директор | | | | |
| Пом.директор | | | | |
| Рак.на цело подрач.уч. | | | | |
| Педагог | | | | |
| Психолог | 1 | | 26 год.,2месеци | 25 год., 2 месеци |
| Социолог | | | | |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На* ***изостаноците*** *на учениците на крајот од учебната*

*2019/20 година*

| Наставен јазик | Одд. / Вид. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 4 | 148 | 116 | 187 | 108 | 520 | 216 | 429 | 400 | 2128 |
| | неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 5 | 6 | 12 | 34 |
| | се | 4 | 148 | 116 | 108 | 69 | 531 | 221 | 435 | 412 | 2162 |
| Албански јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |
| Турски јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |

*ПРЕГЛЕД*

*На испишани ученици на крајот од учебната 2019/20 година*

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На **поведението** на учениците на крајот од учебната*

*2019/20 година*

| **Одделение** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | СЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 14 | 14 | 14 | 12 | 13 | 23 | 17 | 21 | 21 | 149 |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 14 | 14 | 14 | 12 | 13 | 23 | 17 | 21 | 21 | 149 |

*ПРЕГЛЕД*

*На бројот на учениците со продолжен престој во училиштето*
*на крајот од учебната*
*2019/20 година*

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | Дневен престој | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Групи | Ученици | Наставници | Групи | Ученици | Наставници |
| Македонски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Албански | | | | | | |
| Турски | | | | | | |
| Српски | | | | | | |

*ПРЕГЛЕД*

*На бројот на учениците кои користат **исхрана** на крајот од учебната 2019 /20 година*

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на организирана исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски | 0 | 0 | 149 |
| Албански | | | |
| Турски | | | |
| Српски | | | |

## Успех од учениците на крајот од 2019/2020 година, ООУ„ Страшо Пинџур “ село Мало Коњари

| одд. | Вкупно ученици | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби оц. | | Описно | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | Ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | | |
| I | 14 | 7 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 14 | 0 |
| II | 14 | 6 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 14 | 0 |
| III | 14 | 7 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 14 | 0 |
| IV | 12 | 9 | 7 | 58.33 | 3 | 25.00 | 2 | 16.67 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 4.52 |
| V | 13 | 8 | 6 | 46.15 | 3 | 23.08 | 4 | 30.77 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 4.15 |
| I-V | **67** | **37** | **13** | **19.40** | **6** | **8.96** | **6** | **8.96** | **0** | **0.00** | **0** | **0.00** | **42** | 4.34 |
| VI | 23 | 9 | 7 | 30.43 | 6 | 26.09 | 9 | 39.13 | 1 | 4.35 | 0 | 0.00 | 0 | 3.77 |
| VII | 17 | 5 | 4 | 23.53 | 6 | 35.29 | 6 | 35.29 | 1 | 5.88 | 0 | 0.00 | 0 | 3.63 |
| VIII | 21 | 10 | 10 | 47.62 | 5 | 23.81 | 6 | 28.57 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 3.98 |
| IX | 21 | 11 | 7 | 33.33= | 7 | 33.33 | 7 | 33.33 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 4.03 |
| VI-IX | **82** | **35** | **28** | **34.14** | **24** | **29.27** | **28** | **34.15** | **2** | **2.44** | **0** | **0.00** | **0** | **3.85** |
| I-IX | 149 | 72 | 41 | 27.52 | 30 | 20.13 | 34 | 22.81 | 2 | 1.34 | 0 | 0.00 | 42 | 4.10 |

Изработил:Лидија Нанеска Лажовска

Споредба по одделенија

| | |
|---|---|
| IV | 4.52 |
| V | 4.15 |
| VI | 3.77 |
| VII | 3.63 |
| VIII | 3.98 |
| IX | 4.03 |




Одобрил директор: Ирена Кироска

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02-132/2
08.07.2020 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 122 став 2 алинеа 8 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Наставничкиот совет при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 08.07.2020 година, го даде следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Наставничкиот Совет при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден **08.07.2020** година, го разгледа **Годишниот извештај за работата на училиштето за учебна 2019/2020** година согласно Законот за основно образование.

Директорот пред членовите на Наставничкиот Совет го презентираше Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година.

Наставничкиот Совет при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, го разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРЕДЛОГ ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА.**

Истиот да се достави до Советот на ЕЛС на Општина Прилеп за негово конечно усвојување.

Мало Коњари

08.07.2020 г.

П р е т с е д а т е л
на Наставнички совет – Директор
----------------------------------------
/ Ирена Кироска /

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02 - 142/2
11 08 2020 год.
с.МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 127 став 4 алинеа 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 11.08.2020 година, го даде следното:

# М И С Л Е Њ Е

Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари – Прилеп, на својата седница одржана на ден 11.08.2020 година го разгледа **Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020** година согласно Законот за основно образование.

Директорот пред членовите на Советот на родители го презентираше Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година.

Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари – Прилеп, го разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРЕДЛОГ ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА.**

Истиот да се достави до Советот на ЕЛС на Општина Прилеп за негово усвојување.

Мало Коњари

11.08.2020 г.

П р е т с е д а т е л

на Совет на родители

-----------------------------------------------

/ Пеце Касниоски /

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02-143/3
11.08.2020 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Училишниот одбор на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 11.08.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година**

Член 1

Училишниот одбор при ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп на својата седница одржана на ден 11.08.2020 година го разгледа Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година и донесе Одлука за усвојување на истиот.

О б р а з л о ж е н и е

Училишниот одбор на ООУ„Страшо Пинџур“ село Мало Коњари - Прилеп, согласно Законот, на седницата одржана на ден 11.08.2020 година, го разгледа Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година и донесе Одлука како во диспозитивот на оваа Одлука.

П р е т с е д а т е л
на УО во ООУ„ Страшо Пинџур“
с.Мало Коњари - Прилеп

/ Киро Павлоски /